Health Consumer Powerhouse

**Денешната оцена на ЕУ:**

# На Македонија ѝ претстои долг пат за да ги достигне здравствените стандарди на Западот

(Брисел, 15 мај 2012 г.)

**Поранешната Југословенска Република Македонија (ПЈРМ) беше рангирана на многу ниско ниво при денешното претставување на Европскиот индекс за здравствена заштита 2012 (EHCI - Euro Health Consumer Index) во Европскиот парламент во Брисел. Во оваа споредбена анализа на Холандија ѝ беа доделени 872 бодови од можните 1000, а по неа следат Данска (822), Исланд (799), Луксембург (791) и Белгија (783). На ПЈРМ ѝ беа доделени 527 бодови, односно се најде зад Полска и Унгарија, но далеку понапред од Албанија и Србија. Секоја година започнувајќи од 2005 г., индексот ЕХЦИ го објавува шведската организација Хелт Конзјумер Пауерхаус - ХЦП (Health Consumer Powerhouse - HCP).**

Кои се главните предизвици со кои се соочува здравствената заштита во ПЈРМ?

- Да бидеме искрени, Македонија не можете да ја споредувате со богатите земји-членки на ЕУ, вели др. Арне Бјорнберг, Генерален директор на ХЦП и Раководител на тимот на ЕХЦИ. Соседните земји какви што се Грција (617), Албанија (535) или Србија (451) се порелевантни за вршење на споредба и покажуваат дека ПЈРМ чекори по вистинскиот пат, но сепак ѝ претстои уште долг пат што треба да го изоди за да ги достигне стандардите на Западот.

- Основните услуги, како на пример вакцинирање на деца, изгледа дека добро функционира. Правата на пациентите се подобрени, но генерално гледано, исходите од здравствените третмани како и пристапот до здравствените услуги мора да се подобрат.

**Општо подобрување - со знаци на предупредување**
ЕХЦИ го отсликува континуираното подобрување на Европската здравствена заштита, со подобри исходи од здравствените третмани и унапредени глобални услови. Сигналите за тревога во врска со влијанието на негативните економски трендови изгледа дека се преувеличени. Во здравствениот систем со децении се зборува за намалување на буџетот и опаѓање на квалитетот, но во реалноста, сведоци сме на спротивен развој на настаните. Но, Индексот укажува на три посебни области кои беа критични на самиот почеток на кризата:

- Трендот на долго чекање за хируршки интервенции во земјите беше под најголемо влијание на економската криза

- Зголемени плаќања од џеб за низа третмани

- Недостаток од подобрување, па дури и влошување на пристапот до нови видови на лекарства.

Без оглед на економијата, Европа и понатаму останува да биде територија каде постои опасност од појава на болнички инфекции. Во секоја втора земја, од вкупно 34 анализирани земји, ЕХЦИ го вклучи црвеното светло за постоење на ризик од инфекции.

- Иницијативата на ЕУ да ја забрани продажбата на антибиотици без рецепт би ја намалила

оваа бројка, тврди г. Јохан Хјертквист, Основач и Претседател на ХЦП. Тоа би ја зголемило безбедноста на пациентите повеќе од кои било други работи за кои се ангажира ЕУ!




**За Индексот**
ЕХЦИ стана стандард според кој се оценува здравствената заштита во Европа. Изданието за 2012 година рангира 34 национални здравствени системи во Европа со помош на 42 индикатора и опфаќа 5 области што се клучни за корисниците на здравствени услуги: Права и информирање на пациенти, време на чекање за медицински третман, исходи, превенција/опсег и достапност на услугите и лекарствата. Индексот се состои од комбинација на статистички податоци, гласање на пациенти и независни истражувања спроведени од основачот, шведската организација Хелт Конзјумер Пауерхаус.

ЕХЦИ 2012 е поддржан од неограничените грантови на Европската федерација на фармацевтската индустрија - ЕФФИ (European Federation of Pharmaceutical Industry), Фајзер (Pfizer Inc.), Новартис АГ (Novartis SA) и Медикавер СА (Medicover SA).

За повеќе информации и за опширниот извештај:
www.healthpowerhouse.com/ehci2012

За ЕХЦИ контактирајте го др. Арне Бјорнберг, arne.bjornberg@healthpowerhouse.com
+46 705 84 84 51.